ФЗОРСМ
FSSHRMV

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
FONDI PËR SIGURIM SHËNDETËSOR I
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр./Nr. 08-15757/2
28-10-2022 год./viti
СКОПЈЕ/SHKUP

# ИЗВЕШТАЈ

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА ВО ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА УВО, НОС И ГРЛО - СКОПЈЕ

Октомври, 2022 година

## И З В Е Ш Т А Ј

## ОД ИЗВРШЕНА ВОНРЕДНА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ УК ЗА УВО, НОС И ГРЛО - СКОПЈЕ

**за контрола на начин на пресметка и исплата на плати на медицинскиот и организацискиот директор периодот од месец јануари до месец септември 2022 година**

Контролата е извршена согласно член 54, точка 12 и 13 и членовите 68 и 71 од Законот за здравствено осигурување, како и одредбите од Договорот за уредување на меѓусебните односи на здравствените установи со Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст Фондот), од страна на овластените финансиски контролори од Фондот, м – р Бедри Мемети и Цвете Јовановска.

Контролата е извршена на ден 26.10.2022 година, по налог за Вонредна контрола број 08-15757/1 од 25.10.2022 година.

1. **Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:**

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Медицински директор | д-р Јане Нетковски | Директор | Менаџерски договор бр.17-1579/1 од 10.02.2020 година |
| Организациски директор | Иљир Саити | Директор | Решение бр.11-4252/3 од 19.07.2022 година |

За периодот кој е предмет на контрола со Решение од Министерство за здравство, број 11-310/1 од 11.01.2022 година, за именување вршител на должност организациски директор во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје, се именува Иљир Саити.

Со Решение од Министерство за здравство, број 11-4252/3 од 19.07.2022 година, за именување организациски директор во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло, - Скопје, се именува Иљир Саити.

Раководителот на службата за економско финансиско работење ја информираше контролата дека за организацискиот директор на Јавната здравствена установа, сеуште нема доставено Менаџерски Договор.

Овластено лице од установата задолжено за доставување на информации во текот на контролата:
Име и презиме: Силвана Манолчева
Функција: Раководител на служба за економско финансиско работење
Име и презиме: Сеферина Стамова
Функција: Главна медицинска сестра
Име и презиме: Сања Илиевска
Функција: Одделенската медицинска сестра од операциона сала

Телефон за контакт: 02/3214 136

### 1.1. Контрола на плати

По Овластување број 17-110/1 од 02.01.2020 година, издадено од Министерот за здравство, медицинскиот директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје, д-р Јане Нетковски, има потпишано Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 01-19/1 од 02.01.2020 година во ЈЗУ.

По Овластување број 17-1665/1 од 12.02.2020 година, издадено од Министерот за здравство, медицинскиот директорот на ЈЗУ Универзитетска клиника за уво,нос и грло - Скопје, д-р Јане Нетковски, има потпишано Анекс за изменување и дополнување на Поединечниот Колективен договор со Самостојниот синдикат на вработени во Универзитетските клиники, центри, клинички болници и други јавни здравствени установи во Република Македонија, заверен со архивски број 01-216/1 од 12.02.2020 година во ЈЗУ.

Извршен е увид во исплатните листи за плата на медицинскиот и организациски директор во ЈЗУ УК за уво, нос и грло - Скопје за период од јануари до септември 2022 година.

1. **Медицински директор на ЈЗУ**

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ефективни часови | 147 | 140 | 161 | 147 | 154 | 154 | 147 | 161 | 154 |
| коефициент на сложеност: | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 | 8,070 |
| минат труд (%): | 25 год. | 25 год. | 25 год. | 26 год. | 26 год. | 26 год. | 26 год. | 26 год. | 26 год. |
| додаток по основ на раководење: | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| прекувремена работа ( % ): | 4 часа | - | - | - | 5 часа | 6 часа | - | - | - |
| додаток за ноќна работа (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во три смени (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Од страна на Раководителот на службата за економско финансиско работење на контролата и се доставени Извештаи за прекувремена работа за месец јануари, мај и јуни 2022 година. Во Извештајот се нотирани колони со име и презиме на доктор, датум, операција и часови од - до. Извештаите се потпишани од одделенската медицинска сестра од операциона сала, главната медицинска сестра и директорот на ЈЗУ. Извештаите не се заверени.

Во Извештајот за месец јануари 2022 година за медицинскиот директор е евидентирана прекувремена работа на 29.01.2022 година, со нотиран тип на операција и часови поминати во прекувремена работа од 09 до 13 часот или вкупно 4 часа.

Во Извештајот за месец мај 2022 година за медицинскиот директор е евидентирана прекувремена работа на 21.05.2022 година, со нотиран тип на операција и часови поминати во прекувремена работа од 08 до 13 часот или вкупно 5 часа.

Во Извештајот за месец јуни 2022 година за медицинскиот директор е евидентирана прекувремена работа на 12.06.2022 година, со нотиран тип на операција и часови поминати во прекувремена работа од 14 до 20 часот или вкупно 6 часа.

За поминатите часови во прекувремена работа од страна на одделенската медицинска сестра од операциона сала и главната медицинска сестра на контролата и е презентирана евиденција во Оперативен дневник на ЈЗУ. Во истата се евидентира: датата на операцијата, бројот на историја на пациент, година на раѓање, место на живеење, приемна дијагноза, анестезија, тип на операција, медицински тим и евиденција на часовите поминати во прекувремена работа.

Од евиденцијата на часовите поминари во прекувремена работа во Оперативен дневник на ЈЗУ, се констатира дека истите се совпаѓаат со часовите во Извештаи за прекувремена работа за месеците јануари, мај и јуни 2022 година и со часовите за кој е пресметан и исплатен додаток за прекувремена работа во исплатните листи на медицинскиот директор во месеците јануари, мај и јуни 2022 година.

За медицинскиот директор, Управниот одбор на УК за уво, нос и грло - Скопје, има донесено Решение број 04-216/2 од 12.02.2020 година, на проф. д-р Јане Нетковски, директор на УК за уво, нос и грло Скопје, во кое и се утврдува коефициент на сложеност 8,070.

Утврдениот коефициент на сложеност е во согласнот со Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 10.02.2020 година.

Од доставените исплатните листи за плата на медицинскиот директор во ЈЗУ УК за уво, нос и грло - Скопје за период од јануари до септември 2022 година, контролата констатира:

- основната плата се пресметува согласно утврдениот коефициент на сложеност во Решение број 04-216/1 од 12.02.2020 година;
- се пресметува додаток на основната плата за секоја година работен стаж од 0,5 %;
- вредноста на бодот е 14.090 денари, согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, објавена во Службен весник 302 од 30.12.2021 година;
- се пресметува и исплаќа додаток за прекувремена работа од 29% согласно Колективниот договор за здравствена дејност.

Во контролираниот период во исплатните листи нема евидентирано часови поминати на боледување.

На контролата не и е доставена електронска или рачна евиденција за работно време на медицинскиот директор.

Од страна на Раководител на служба за економско финансиско работење на контролата и е укажано дека електронска евиденција за контролираниот период не може да биде извадена од системот за евиденција, поради технички проблеми на истиот.

Од страна на Раководител на служба за економско финансиско работење дека во ЈЗУ уво, нос и грло Скопје, контролата е информирана дека во ЈЗУ, се носи Решенија за користење на годишен одмор, на медицинскиот директор само за првиот дел од годишниот одмор.

Решение број 04-4/88 од 09.07.2021 година за користење на годишен одмор, на медицинскиот директор за период од 12 до 30.07.2021 година, попишано од претседателот на Управниот одбор.
Решение број 04-4/84 од 05.07.2022 година за користење на годишен одмор, на медицинскиот директор за период од 08 до 12.07.2022 година, попишано од претседателот на Управниот одбор.
За користење на остатокот од годишниот одмор ЈЗУ не изработува решение за користење годишен одмор. На контролата и се презентирани Молби со архивски број за користење дел од годишен одмор, потпишани од медицинскиот директор и претседателот на Управниот Одбор на ЈЗУ, со евидентиран период за кој се бара одобрување на користење дел од годишен одмор.
Во Извештаи за прекувремена работа за месец јануари, мај и јуни 2022 година, во кои има евидентирана прекувремена работа на медицинскиот директор нема поклопување со датумите во доставените Молби или изготвеното Решение за користење дел од годишен одмор.

## 2. Организациски директор на ЈЗУ

За периодот кој е предмет на контрола со Решение од Министерство за здравство, број 11-310/1 од 11.01.2022 година, за именување вршител на должност организациски директор во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје, се именува Иљир Саити.

Со Решение од Министерство за здравство, број 11-4252/3 од 19.07.2022 година, за именување организациски директор во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за уво, нос и грло - Скопје, се именува Иљир Саити.

Раководител на служба за економско финансиско работење ја информираше контролата дека за организациски директор на Јавната здравствена установа, сеуште нема доставено Менаџерски Договор.

| Вредност на бод 14.090 | јануари | февр. | март | април | мај | јуни | јули | август | септ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на ефективни часови | 168 | 160 | 184 | 168 | 176 | 176 | 168 | 184 | 176 |
| коефициент на сложеност: | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 | 6,379 |
| минат труд (%): | 15 год. | 15 год. | 15 год. | 16 год. | 16 год. | 16 год. | 16 год. | 16 год. | 16 год. |
| додаток по основ на раководење: | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток по основ на услови за работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| прекувремена работа ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за ноќна работа (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во три смени (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток во орг.единица за ИМП (%) | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за обично дежурство во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| бр на часови за кои се плаќа обично дежурство | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и исплатени часови обично дежурство | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| бр на часови за кои се плаќа дежурство во викенд и празник | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Вкупен број пресметани и иплатени часови дежурство во викенд и празник | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток без остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| додаток за остварен повик и ангажирање ( % ): | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

Управниот одбор на УК за уво, нос и грло - Скопје има донесено Решение број 04-63/3 од 27.01.2022 година, на Иљир Саити, в.д. организациски директор на УК за уво, нос и грло - Скопје, во кое му се утврдува коефициент на сложеност 6,379.

Утврдениот коефициент на сложеност е во согласнот со Анексот за изменување и дополнување на Колективен договор за здравствена дејност на Република Македонија, објавен во Службен весник на РМ, број 32 од 07.02.2019 година.

Од доставените исплатните листи за плата на организацискиот директор во ЈЗУ УК за уво,нос и грло - Скопје за период од јануари до септември 2022 година, контролата констатира:

- основната плата се пресметува согласно утврдениот коефициент на сложеност во Решение број 04-63/3 од 27.01.2022 година;
- се пресметува додаток на основната плата за секоја година работен стаж од 0,5 %;
- вредноста на бодот е 14.090 денари, согласно Спогодбата за утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност и за начинот на пресметување и исплата на платите во здравствената дејност, објавена во Службен весник 302 од 30.12.2021 година.

Во контролираниот период во исплатните листи нема евидентирано часови поминати на боледување.
На контролата и е доставено Решение за користење одишен одмор број 04-4/3 од 07.03.2022 година потпишано од претседателот на Упраниот Одбор, за период од 10 до 14.03.2022 година и Решение за користење одишен одмор број 04-4/94 од 20.07.2022 година потпишано претседателот на Упраниот Одбор за период од 21 до 26.07.2022 година.

На контролата не и е доставена електронска или рачна евиденција за работно време на организацискиот директор.

Од страна на Раководител на служба за економско финансиско работење на контролата и е укажано дека електронска евиденција за контролираниот период не може да биде извадена од системот за евиденција, поради технички проблеми на истиот.

***Забелешка:***
Во рок од 8 (осум) дена од приемот на Извештајот ЈЗУ има право на Приговор по истиот до Одделението за буџетска и финансиска контрола во рамките на Сектор за финансиски прашања при ФЗОРСМ.

**Скопје,**
**27.10.2022 година**

**Финансиски контролори:**

м-р Бедри Мемети

Цвете Јовановска

Директор на сектор за финансиски прашања

Миле Сугарев